Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, 18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

**Одлука**
**за спроведување на стратегиска оцена**

1. За стратешкиот плански документ **Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија,** кој го донесува Министерство за транспорт и врски потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија,** се определуваат: Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, ЗЕЛС, Центар за развој на Вардарски регион, Општина Демир Капија, ЈКП "Бошава". Дополнително засегнати страни ќе бидат професионалните асоцијации, стопанските заедници, граѓанските здруженија и невладиниот сектор.
3. За стратешкиот плански документ **Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија,** за чија изработка е одговорна "**Агенција за планирање на просторот**", а го донесува **Министерството за транспорт и врски,** донесувањето на стратешкиот плански документ **Генерален урбанистички план за град Демир Капија, општина Демир Капија,** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **квалитет на воздух, квалитет на површински води, биодиверзет и природни реткости, создавање и управување со отпад, здравјето на луѓето, климатски промени (сегашни состојби и идни проекции во однос на емисии на стакленички гасови и појава на топлотни бранови, суши, поплави, екстремно ниски температури), како и влијанијата кои ќе ги предизвика реализацијата на ГУП (застапените класи на намена на земјиште) по однос на сите медиуми на животна средина, социо – економските состојби и одржливиот развој на општина Демир Капија.**
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Министерството за транспорт и врски** на следната адреса: **www.mtc.gov.mk**.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр.21-4267/1
Датум:08.07.2022
Место: Скопје

Име и презиме
Министер
Благој Бочварски